**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

# ШЕСТМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈУЛИ-ДЕКЕМВРИ 2013 ГОДИНА

**Скопје, јануари 2014**

ВОВЕД

Согласно со член 15, став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија” бр.55/13), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст АКН) е должен на секои шест месеци да доставува извештај за работата на АКН до Владата на Република Македонија. Извештајот содржи податоци за видот и обемот на работите од надлежност на АКН во периодот од 01.07.2013 до 31.12.2013 година.

Во извештајот, работите од надлежност на АКН се групирани според видот во следните точки:

*Реализирани активности за период јули – декември 2013 година;*

*Работа на Управниот одбор за период август -декември 2013;*

*Преглед на реализацијата на Планот за јавни набавки за 2013 година;*

*Приходи и расходи за 2013 година ;*

# I. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПЕРИОД ЈУЛИ – ДЕКЕМВРИ 2013 ГОДИНА

Активностите на Агенцијата за катастар на недвижности за период *јули – декември 2013 година беа* во насока на реализација на приоритети и цели дефинирани во Годишна програма за реализација на стратешки план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2013 година, во следните области и тоа :

- Одржување на катастарот на недвижностите
- Надградба на Е-кат системот
- Институционален развој
- Национална инфраструктура на просторни податоци (НИПП)
- Дигитализација на катастарски планови
- Надградба на геодетска референтна инфраструктура

Согласно годишната програма за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за 2013 година, во периодот јули-декември беа преземени низа на активности во насока кон создавањето на ефикасен,сигурен и безбеден електронски Геодетско-катастарски информационен систем (во понатамошен текст ГКИС) како и кон зајакнување на институционалните капацитети.

## 1. Одржување на катастар на недвижности

Одржувањето на катастарот на недвижностите се вршеше во 29-те подрачни одделенија и во Центарот за КН – Скопје.

АКН бележи тренд на постојан пораст на бројот на предметите истото се должи на зголемената економска активност, раздвижувањето на пазарот на недвижности, востановениот катастар на недвижности како и сè поголема информираност на граѓаните за потребата од регулирање/ажурирање на своите права на недвижностите.

АКН и понатаму покажува напредок во скратување на просечното време за регистрација на недвижностите, подобрување на катастарските услуги со запазување на зададените законски рокови за постапување по барањата.

Вкупниот број на новопримени предмети за период јануари-декември 2013 година изнесува 1.040.268 предмети.

Во графиконот е прикажан вкупниот број на примени предмети за период јануари-декември 2013 година




За период јули-декември 2013 година промени се вкупно 504.670 предмети.

Во графионот е прикажан вкупниот број на примени предмети за период јули-декември 2013 година




И покрај забележаниот тренд на зголемување на бројот на новопримени предмети во постапките на одржувањето на катастарот на недвижностите, со воведувањето и имплементација на електронскиот катастар, овозможено е следење на законските рокови за постапување по барањата на корисниците АКН и континуирано намалување на заостанатите/нерешени предмети до степен на нивно тековно решавање.

Во графиконот е прикажано темпото на намалување на заостанатите/нерешени предмети за период јули-декември 2013 година



Во следниот дијаграм е прикажана динамиката на намалување на бројот на нерешени предметите во период 2005-2013 година.




## 1.1. Инфраструктурни градби во Република Македонија

Со цел востановување и имплементација на Инфраструктурниот катастар, Агенцијата изготви подзаконски акти со што се обезбеди правна рамка за реализација на активностите кои произлегуваат од областа на оваа материја.

Закон за катастар на недвижности (Сл.весник на РМ бр. 55/2013 Агенцијата за катастар на недвижности доби законска надлежност да го воспостави и го одржува катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности.

Во втората половина од 2013 година беа донесени Правилникот за премер на недвижности, Правилник за катастарски планови и планови на инфраструктурни објект а истите во функција на востановување и одржување на катастарот на недвижности.

Отпочнати се активности во делот на надградба на еКат системот кој се планира да заврши во првиот квартал од 2014 година кога би се извршиле и првите уписи на инфраструктурни објекти во е-кат системот.

## 1.2. Геодетски работи за посебни намени од значење за Р. Македонија

Во периодот јули-декември 2013 година, по задолжение од Владата на Република Македонија, АКН изготви ажурирани геодетски подлоги за:

- ТИРЗ во Демир Хисар
- локација „ Охис Гес “ во КО Здуње – Гостивар
- ТИРЗ во КО Алданци - Крушево
- автопат Кичево – Охрид

- локалитет во КО Лазарополе
- туристичка развојна зона во Берово
- туристичка развојна зона во Крушево
- изготвување на геодетски елаборат за етажен премер за Милениумски крст за упис во катастарот на недвижности за КО Горно Водно
- технолошко-индустриска развојна зона во општина Берово (проширен опфат)
- автокамп Градиште (проширен опфат)
- технолошко-индустриска развојна зона во општина Делчево (проширен опфат)
- плански опфат за урбанистички план за населено место за КО Сопиште
- Милениумски крст на Водно
- Сала Металург во Автокоманда
- Инфраструктура за филмско производство, постпродукција, дигитализација и чување на аудиовизуелно наследство и 3Д филмска анимација во КО Пакошево
- туристичка развојна зона во општина Крушево, КО Крушево-вонград и општина Берово, КО Берово-вонград
- изготвување на Геодетски елаборат за посебни намени-нумерички податоци за 677 градежни парцели за КО кои се во надлежност на 29-те подрачни одделенија на Агенцијата за катастар на недвижности.
- По одлука на Владата на РМ, во тек е изготвување на Геодетски работи за посебни намени – нумерички податоци за автопатот Кичево-Охрид, согласно дефинираната траса (околу 56 км), а до крајот на годината, по Одлука од Владата на РМ ќе се започне со изготвување на Геодетски работи за посебни намени – нумерички податоци за автопатот Миладиновци-Свети Николе-Штип, согласно дефинираната траса
- Изготвена ажурирана подлога за објект: "Блаце- Кале", "Антенски столб на АЕК", "Зелениково филмски град", "Сопиште",
- Изготвен етажен премер за објект: "Сала Автокоманда", "барака за Мин. за труд и социјала", "школо во Аеродром-Ново Лисиче", "студентски дом "Стив Наумов".

Подрачните одделенија од Секторите за КН на РМ - А и Б за периодот јули-декември 2013 година имаат изработено геодетски елаборати за посебни намени како следи:

- ОКН Битола: 24 елаборати за нумерички податоци за КО Забени, 8 елаборати - АРМ, 3 елаборати - француски гробишта

- ОКН Свети Николе: Елаборат за нумерички податоци за гасоводот Кличовци - Неготино, Елаборат за нумерички податоци Нов-Град-Малино (476 парцели) и КО Алакинци (3 парцели), Елаборат за нумерички податоци нова локација КО Малино, Елаборат за нумерички податоци - детска градинка КО Св. Николе - гр. (4 парцели) и КО Св. Николе - вон гр. (3 парцели)

- ОКН Струмица: нумерички податоци за граничен премин општина Ново Село, нумерички податоци за КО Ново Коњарево, КО Владиевци вон гр. и општина Василево.

- ОКН Кичево: Елаборат за нумерички податоци за автопат Кичево - Охрид (за истиот завршен е само кичевскиот дел со 830 парцели), 2 елаборати за нумерички податоци Кичево вон гр.

- ОКН Штип: Елаборат за нумерички податоци за детска градинка - општина Штип, елаборат за етажен премер на објект по барање на државно правобранителство.

- ОКН Охрид: Елаборат за нумерички податоци - спортски центар КО Охрид 4 со 20 парцели, Елаборат за нумерички податоци КО Студенчишта со 10 парцели, КО Велестово со 15 парцели, КО Љубаништа со 56 парцели, населба Радојка Новичик со 16 парцели, месна заедница Гоце Делчев со 7 парцели, КО Охрид 1 со 4 парцели, КО Охрид 3 и Охрид 4 со 17 парцели.

Во истиот период, работната група од АКН задолжена за средување на катастарските податоци за недвижностите долж државната граница помеѓу Република Македонија и Република Србија, во координација со Мешовитата комисија за демаркација и обележување на предметната државна граница продолжи со средување на катастарската документација и изготвување на соодветни геодетски елаборати за припис и отпис на површини во катастарските општини во кои се протега државната граница.

Во периодот јуни-август 2013 година извршен е премер на дел од државната граница помеѓу Република Македонија и Република Бугарија, во должина од 45 километри. Во наведениот дел од граничната линија извршено е и чистење на појас во широчина од 6 метри, а одредени се и 150 геодетски точки неопходни за ориентација на фотоснимките од аерофотограметриското снимање кое што го изврши бугарската страна.

Заради обемот и комплексноста на работите, активностите на оваа проблематика ќе продолжат да се одвиваат и во текот на 2014 година.

### 1.3. Сектор за внатрешна контрола

Во рамките на Секторот за внатрешна контрола и надзор при АКН во периодот од 01.07 .2013 до 31.12.2013 година заведени се вкупно 403 претставки од кои постапено е по 253 претставки во фаза на постапување се 40 претставки а не е постапено по 110 претставки . Истовремено постапувајќи по примените претставки по пошта и електронска пошта вршен е прием на странки во просториите на Агенцијата за катастар

на недвижности-Сектор за внатрешна контрола и надзор заради сослушување на проблемите со кои истите се соочуваат и доколку постои можност и нивно разрешување.

Во текот на истиот период извршена е контрола 90 Трговски друштва регистрирани за вршење на теренски геодетски работи со контрола на вршењето на теренските работи со увид на лице место како и изработка на геодетските елаборати кога паралелно се вршеше и контрола на работата на одделенијата за катастар на недвижности на Република Македонија.

Агенцијата за катастар на недвижности, продолжува со акцијата „ОТВОРЕНО СО КАТАСТАРОТ", со која ги повикува граѓаните на директни средби со стручните тимови на Агенцијата, со цел решавање на нивните проблеми од областа на катастарот.

Исто така секторот за внатрешна контрола и надзор во период од 6месеци ( јули – декември) учествуваше на средби со граѓани во Одделенијата за катастар на недвижности на Република Македонија и Центарот за катастар на недвижности Скопје како и средби со граѓани во просториите на Општина Ново Село, на кои средби примени се околу 434 странки за консултации а истовремено и беа разрешувани проблемите кои истите ги имаа во врска со запишување на правата во катастарот на недвижностите.

## 2. Надградба на Е-кат системот - услуги кон професионалните корисници

### 2.1. Е-шалтер

Во насока на подобрување на услугите кон крајните корисници, АКН воспостави директна соработка со сите релевантни државни институции и професионални корисници со цел побрза и поефикасна електронска размена на податоци со професионалните корисници.

Со востановувањето на катастарот на недвижности и имплементацијата на Е-кат на целата територија на државата, како и преку воведувањето на услугите Е-шалтер и Е-кат шалтер овозможен е поедноставен и побрз пристап до податоците и нивното управување и дистрибуција.

Преку Е-шалтер се овозможува лесна, брза, сигурна и ефикасна достава на пријави и барања по електронски пат за спроведување на промени во ГКИС и издавање на податоци од ГКИС.

АКН од период кога ја има воспоставено ова апликација , и тоа од 2011 година до декември 2013 година има вкупно потпишано 392 договори за Е- шалтер , од нив само во периодот Јули- Декември 2013 година , склучени се вкупно 257 договори и тоа со нотарите склучени беа 123,со приватни геодетски фирми 71,општините 55, извршителите 1, со министерствата 4, и други 5. Истото се должи на активностите кои ги презема Агенцијата за катастар на недвижности во насока на остварување на средби со коморите на нотарите, приватните геодетски фирми и извршителите промовирајќи ја важноста од пристапување кон Е-шалтер.




На зголемувањето на бројот на корисници секако имаа влијание и одредбите од член 55 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ( „Службен весник на РМ“ бр. 25 /13), со кој се овозможи (почнувајќи од 1 јуни 2013 година) надлежните органи барањата односно пријавите за предбележување и прибележување на градбата, за измените во текот на градбата, како и за запишување на објектот во јавната книга на недвижности, да ги доставува во електронска форма. Исто така со Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 55 /13) предвидена е обврска за сите субјекти со пренесени јавни овластувања кои согласно закон се обврзани исправите за правен основ по службена должност да ги доставуваат во Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон по електронски пат да се поврзат со Агенцијата, бројот на професионалните корисници на Е-шалтерот .

Графиконот подоле дава графички приказ на темпото на склучени договори за Е-шалтерот за период 2011-2013 година




Од воведувањето на оваа услуга до сега, процесирани се 29.603 барања за запишување во катастарот на недвижности а надоместокот кој го платиле корисниците за користење на оваа услуга е околу 122,146.74 eur или 7,573,098.00 денари, од кои бројот на пријави за издавања на имотни листови: 20222.

Графиконот подоле дава приказ на бројот на поднесени барања преку Е-шалтерот



## 2.2. Е-кат шалтер

Со воведувањето на услугата Е-кат шалтерот, Агенцијата врши дистрибуција и издавање на податоци од ГКИС преку други државни органи, јавни служби и други правни лица (општините, приватните геодетски фирми, нотарите, извршителите и други) воведен е електронскиот потпис за надворешните/професионални корисници.

АКН од период кога ја има воспоставено ова апликација, и тоа од септември 2012 до декември 2013 година има вкупно потпишано 381 договори за е- кат шалтер, од нив само во периодот Јули- Декември 2013 година, склучени се вкупно 229 договори, и тоа со нотарите склучени беа 88, со приватни геодетски фирми 88, општините 45, извршителите 1, банки 2 и други 5.

Графиконот подоле дава приказ на бројот на склучени договори за Е- кат шалтерот за период септември 2012-2013 година




Графиконот подоле дава графички приказ на темпото на склучени договори за Е-кат шалтерот за период од септември 2012 до декември 2013 година.




Со овие услуги, Агенцијата за катастар на недвижности од сегашните 30 локации на кои граѓаните може да добијат Имотни листови, до 30.12.2013 година има нови 229 локации а преку Е-КАТ ШАЛТЕРОТ се издадени вкупно 41.044 имотни листови.

## 3. Институционален развој

Владата на Република Македонија на сто педесет и осмата седница одржана на 21.09.2013 година го донесе новиот текст на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за период 2013-2016 година. Овој документ преставува основа за изработка на годишните планови на Агенцијата за катастар на недвижности за реализација на стратешки приоритети и програми.
Кон крајот на 2013 година беше донесен и новиот акт за систематизација на агенцијата за катастар на недвижности со која се воведе нова институционална поставеност на Агенцијата , имено работите од својот делокруг Агенцијата ги извршува преку Генерална дирекција, Центар за катастар на недвижности, сектори за катастар на недвижности, одделенија за катастар на недвижности и катастарски шалтери.

### 3.1. Стандардизација

Агенцијата за катастар на недвижности доби Сертификат за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот ISO 9001:2008 сертификатот е добиен од сертификациската куќа TMS CEE од Белград, членка на германската групација TUV SUD.

### 3.2. Скенирање

Кон крајот на 2013 година, во Центарот за катастар на недвижности- Скопје, и во одделенијата за катастар на недвижности Куманово, Струмица , Виница , Неготино, Крива Паланка и Ресен воведена е нова функционалност скенирање на целокупната примена документација која е во прилог на поднесените барање доколку истата спаѓа во категоријата на архивска граѓа со трајна вредност. Со скенирањето на применитe документи почнува да се формира дигиталната архива на предмети. Оваа нова функционалност се планира да се воведе и во преостанатите одделенија за катастар на недвижности во текот на првиот квартал на 2014 година.

Во тек е постапка за доделување на официјални дигитални сертификати за електронски потпис за сите вработени во Агенцијата. Со оваа нова функционалност сите документи кои се од трајна архивска вредност, а се креирани во процесот на спроведување на промените во одржувањето на катастарот на недвижности, ќе бидат електронски потпишани од страна на вработениот кој работел на него. Воведена е нова функционалност за преглед на стари книги, кои претходно се скенирани. Со оваа функционалност времето потребно за изработка на барањата за движење на недвижности се намалува. Воведена е нова функционалност за електронско архивирање на барања кои не се од трајна важност.

### 3.3. Масовна проценка на недвижноста

Во текот на ноември од страна на надворешен консултант, за потребите на Агенцијата за катастар на недвижности беше изготвена Физибилити студија за воспоставување на систем за масовна проценка во Македонија. Студијата содржи детална анализа на сегашната состојба со предлог мерки кои се однесуваат на : промена на законската регулатива, надградба ИТ структурата, вклучени институции во системот на масовна проценка на недвижности, организациона поставеност, предложени модели за масовна проценка итн.

### 3.4. Воспоставување на скен центар

Во насока кон обезбедување на трајна заштита на архивскиот материјал и документација која ја поседува АКН како и олеснување на процесот со управувањето со документацијата, за потребите на Агенцијата беше изработена студија за воспоставување на скен центар со цел скенирање и дигитализација на архивската документација која ја поседува АКН.

### 3.5. Меѓународна соработка,обуки и едукација за професионалните корисници

Агенцијата за катастар на недвижности и во текот на 2013 година продолжи со интензивните контакти за соработка и размена на искуства и знаење на полето на

катастарот на недвижности, геодезијата, националната инфраструктура на просторните податоци со сестрински организации од земјите од Регионот и пошироко.
Во текот на октомври рамките на Европската конференција INSPIRATION директорот на Агенцијата за катастар на недвижности Славче Трпески потпиша меморандум за соработка со катастарските агенции од Балканскиот регион Македонија, Албанија, Црна Гора, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Република Српска и Косово. Со овој Меморандум земјите од регионот го утврдија заедничкиот интерес за соработка регионални проекти на полето на инфраструктурата на просторните информации

Во текот на ноември 2013 година Агенцијата за катастар на недвижности денес потпиша Меморандум за разбирање со Републичкиот геодетски завод на Република Србија. Во период од 28-29.11.2013 година директорот на Агенцијата за катастар на недвижности и претставници од АКН земаа учество на округлата маса – Подобрување на процесите на регистрација на недвижности – во организација на Управата за недвижности на Црна Гора. Во рамките на овој настан беше потпишан и Меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија и Управата за недвижности на Република Црна Гора.
Во текот на ноември 2013 година, Агенцијата за катастар на недвижности потпиша меморандум за соработка со Градежниот факултет при УКИМ. Планирано е соработката да се одвива преку размена на информации за активностите на институциите, соработка при спроведувањето на практичната настава на студентите по геодезија од Градежниот факултет, обезбедување на услови за одвивање на континуираната обука за овластените геодети.

Во организација на Агенцијата за катастар на недвижности кон средината на септември беше одржана втората обука наменета за овластените геодети на тема " Закон за КН со посебен осврт на инфраструктурните објекти и Правилникот за премер". На истата поради важноста на темата покрај овластените геодети кои имаат законска обврска за присуство на обуката беа поканети и сите општини во Република Македонија, големите компании како и јавните претпријатија кои стопанисуваат со инфраструктурните објекти. Целта на работилницата беше да се запознаат сите чинители за новините во регулативата која се однесува на востановувањето на инфраструктурните објекти, начините и формите на изготвување на геодетските елаборати како и запишувањето на правата на сопственост над истите.

Во преостанатиот периодот беа организирани уште три обуки за овластените геодети од вкупно пет за 2013 година на следните теми, тоа :

- трета обука на тема : „Тарифник за висината на надоместокот за извршени геодетски работи од страна на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи “ и “Правилник за премер – конкретни примери“;
- четврта обука на тема : „Правилник за геодетски работи за посебни намени “ и “Прашања/одговори поставени од страна на овластените геодети односно области со кои приватните геодети се најповеќе засегнати “
- петта обука на тема : “МАК-ЕДИТ” и “Е-ШАЛТЕР”.

## 3.6. Реализирани активности преку ТАИЕХ инструментот

Во овој период беа реализирани и неколку работилници, експертски мисии и студиски патувања подржани од ТАИЕХ инструментот, и тоа:

Во периодот од 7 до 10 јули 2013 година, претставници од Агенцијата за катастар на недвижности, преку TAIEX-програмата на Европската комисија, оствариjа студиска посета во Агенцијата за животна средина на Република Словачка насловена како „ИНСПИРЕ интероперабилност на сетови на податоци и услуги“ чија цел беше запознавање со НИПП-активностите кои се одвиваа во Република Словачка.

Во периодот од 22-26 јули 2013 година, претставници од Агенцијата за катастар на недвижности, преку TAIEX-програмата на Европската комисија, оствариjа студиска посета во Геодетската управа на Република Словенија и Институтот за геодезија на република Словенија, како надлежни институции за имплементацијата на европскиот ETRS89 координатен систем. Целта на студиската посета беше да се согледаат искуствата на Република Словенија при имплементацијата на Европскиот терестрички референтен систем 89 (ETRS89).

Во периодот од 20 до 21 ноември 2013 година преку TAIEX програмата експерти од Шведскиот катастар одржаа дводневна Работилница за подобрување на катастарот на недвижности на темата “ITIL (*Information Technology Infrastructure Library*) - Информатичка технолошка Инфраструктурана Библиотека”.

Во периодот од 2 до 6 декември 2013 година експерти Шведскиот катастар ја посетија Агенцијата за катастар на недвижности и одржаа експертска мисија со стручен тим од Агенцијата на тема “имплементација и развојот на Хелп деск решение”.

Во периодот од 16 декември 2013 година беше одржана и еднодневна работилница на темата “размена на меѓународни искуства и практики за инфраструктурен катастар” на која експерти од Словенија и Холандија ги пренесоа своите искуства од имплементирањето на катастарот на инфраструктурни градби во своите земји.

## 4. Национална инфраструктура на просторни податоци (НИПП)

Реализацијата на годишниот план за активностите сврзани со Национална инфраструктура на просторни податоци за период јули-декември 2013 година беа успешно се завршени.

Имено, креирани се 100 метаподатоци во целост за 105 листови од топографската карта во размер 1:25000 т.е. 105 метаподатоци. Креирање на каталог за метаподатоци и овозможување на услугата за пребарување на метаподатоци (CSW-сервис) е реализирано на начин што креираните 105 мета податоци за 105 листови од

топографската карта може да се пребаруваат по клучни зборови т.е. преку услугата за пребарување на: http://mdeditor.katastar.gov.mk:8080/geonetwork/srv/eng/main.home.
Изработена е техничка спецификација за развој на софтверско решение за националниот НИПП Геопортал на Република Македонија кој се планира да се објави во текот на првиот квартал од 2014 година.

Претставник од Агенцијата за катастар на недвижности учествуваше во работата на меѓуминистерската работна група за изработка на законот за НИПП, истиот во моментот е доставен до Владата на Република Македонија.

## 5. Дигитализација на катастарски планови

Согласно динамиката за реализација на активностите предвидено е проектот дигитализација да заврши во декември 2014 година.

Од страна на Владата на Република Македонија, а на предлог на Агенцијата за катастар на недвижности, усвоен е акционен план за дигитализација на архивските оригинали на аналогните катастарски планови по квартали за 1491 КО, заклучно со 06.12.2013 година завршени се вкупно 547 КО, 188 КО се во фаза на работа, додека 60 КО не се сеуште започнати. Додека пак од планираните катастарски општини за работа за 2014 година досега завршени се 26 КО, а 36 КО се во фаза на работа.

### 5.1. МакЕдит софтвер

Во МакЕдит базата во моментот се импортирани и се одржуваат околу 261 катастарска опшптина за цела територија на РМ.

Воспоставен е систем за контрола на квалитетот и потврда на квалитетот на графичките и алфанумеричките податоци на катастарските планови во процесот на дигитализацијата.

### 5.2. Надградба на Е-кат со модул за графика

Е-кат системот е надграден со нов модул за графички приказ на недвижности (катастарските парцели и објекти). Модулот графика во е-кат ќе овозможи побрзо, поефикасно и поквалитетно одржување на катастарските податоци како и побрза и поефикасна електронска размена на податоци со професионалните корисници на АКН, а особено приватните геодетски фирми.

За да се овозможи оваа надградба, направена е миграција на хардверската и софтверската платформа на целиот еКат систем на платформа која е најмена како сервис од Македонски телеком (Platform as a Service – PaaS). Направени се потребните надградба на тековната верзија на екат софтверот, надградена е верзијата на базата на податоци, како и верзијата на апликациските сервери за да системот биде во можност да ги прифати дигиталните графички податоци од катастарските планови.

До сега вкупно 25 катастарски општини за кои се изработени и усогласени дигиталните катастарски планови, се вклучени во еКат базата на податоци. За овие 25 катастарски општини сега е овозможено издавање на копија од катастарски план веднаш на шалтерите на АКН, веднаш по поднесување на барањето.

### 5.3. Веб-Гис

Во насока на развој на веб Гис порталот, Агенцијата за катастар на недвижности отпочна со активностите за развој на веб Гис дистрибутивниот систем, кој процес на имплементација ќе трае во наредните 18 месеци а кој ќе обезбеди усогласување на сервисите за просторни податоци согласно ИНСПИРЕ директивата

## 6. Надградба на геодетската референтна инфраструктура

АКН во периодот јули-декември 2013 година продолжи со реализација на активностите во насока на подобрување и осовременување на македонската националната геодетска референтна инфраструктура.

Во горенаведениот период интензивно се одвиваа активности поврзани со реализацијата на новата нивелманска мрежа од висока точност на Република Македонија. Извршена е стабилизација на вкупно 190 репери и спроведени се нивелмански мерења на нивелмански линии во вкупна должина од 1015 километри, со што теренските геодетски работи кои се однесуваат на воспоставувањето и одредувањето на новата нивелманска мрежа од висока точност на Република Македонија практично се во целост завршени.

Дефинитивно, мрежата ја чинат вкупно 1098 нивелмански точки (репери), поврзани во 49 нивелмански линии и 19 полигони, со вкупна должина од 2190 километри.

Финалната обработка на податоците планирано е да се изврши во 2015 година по претходно спроведените гравиметриски мерења на нивелманските точки, кои е планирано да се реализираат во 2014 година.

Во периодот септември – ноември 2013 година извршено е воспоставување и одредување на Основната гравиметриска мрежа на територијата на Република Македонија. Мрежата ја чинат три апсолутни гравиметриски точки поставени во градовите Скопје, Охрид и Валандово и 25 гравиметриски точки од прв ред, поставени на просечно меѓусебно растојание од 30 до 40 километри, кои ја покриваат целата територија на Република Македонија. Дополнително, околу секоја од апсолутните гравиметриски точки, како нивно осигурување, поставени се и одредени по три микрогравиметриски точки.

Основната гравиметриска мрежа понатаму ќе служи како основа за вршење на гравиметриски премер и за спроведување на сите наменски гравиметриски мерења во државата.

### 6.1. Изработка на дигитални топографски карти

Во периодот јули-декември 2013 година АКН продолжи со изработка на топографски карти во размер 1:50000. Изработени се 15 листови од картите во овој размер, што значи дека заклучно со декември 2013 година АКН има изработено вкупно 30 листови, од 61 лист колку што ја покриваат целата територија на Република Македонија. Паралелно со овие активности, во континуитет се работи на контрола и усогласување на податоците од топографските карти во размер 1:25000, на картите изработени самостојно од АКН со оние изработени во рамките на JICA картографскиот проект.

## II. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР ЗА ПЕРИОД ОД 30.08.2013 ДО 31.12.2013 ГОДИНА

Извештај за усвоени/донесени акти од страна на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности за период август-декември 2013 година

- Деловник за работа на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности бр.01-15567/1 од 30.08.2013;
- Одлука за избор на претседател на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности бр.02-15569/1 од 30.08.2013;
- Одлука за избор на записничар и помошник записничар на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности бр.02-15566/1 од 30.08.2013;
- Одлука за висината на месечниот паушал и надоместоците за патни трошоци за учество во работата на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности бр.02-15568/1 од 30.08.2013;
- Одлуката за ограничување на месечната потрошувачка на гориво за службените моторни возила при Агенцијата за катастар на недвижности бр. 02-15570/1 од 30.08.2013;
- Правилник за премер на недвижности бр.01-15582/1 од 30.08.2013;
- Тарифник за дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за извршени геодетски работи од страна на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи бр.01-15572/1 од 30.08.2013;
- Одлука за расход на основни средства-возила бр.02-15840/1 од 05.09.2013;
- Стратешки план 2013-2016 година бр.01-9462/8 од 05.09.2013;
- Одлука за изменување на Одлука за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година на Агенцијата за катастар на недвижности бр. 02-115/3 од 20.09.2013;
- Годишна програма за ажурирање на податоци во катастарот на недвижности по службена должност за 2013 година бр.01-16337/2 од 20.09.2013;
- Правилник за овластување за овластен геодет бр.01-16692/1 од 20.09.2013;
- Правилник за лиценца за вршење на геодетски работи бр.01-16693/1 од 20.09.2013;

- Правилник за начинот на користење, дистрибуција, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем бр.01-16694/1 од 20.09.2013;
- Правилник за начинот на остварување на меѓународна соработка, спроведување на консултантски услуги и обуки и за начинот на распределба и користењето на приходите бр.01-16695/1 од 20.09.2013;
